Претставници на Британската амбасада ги посетија селата Горно Коњаре и Умин Дол, општина Куманово и Отља, општина Липково – каде што до крајот на март 2016 година се реализираа проектите што граѓаните, преку повеќе дискусии, ги избраа како најприоритетни. Тие имаа можност да разговараат со членовите на акциските групи за процесот на приоретизирање, за задоволството од направеното и за можноста и интересот тоа да се повтори.



Членовите на Акциската група од Горно Коњаре не криеја дека биле скептични на почетокот затоа што ваквите средби биле новина за нив. Сепак, до третата сесија, надежта дека работите се возможни растела. И за граѓаните на Умин Дол ваквиот процес бил сериозен предизвик заради недостатокот на искуство, но и заради недостатокот на меѓусебна доверба. Сепак, велат тие, крајниот резултат им влеал надеж дека поместувањата се возможни ако се размислува за општото добро.

Претставниците на донаторот беа позитивно изненадени од одлуката на општина Куманово финансиски да го поддржи реализирањето на уште два проекти. Благодарение на тоа, покрај проектот за изградба на санитарен јазол во ООУ „Карпош“, во Умин Дол се реализираше и проектот за изградба на парк со детско игралиште, кој опфаќа и уредување на училишниот двор и пристапот до него. Додека пак во Горно Коњаре, покрај асфалтирањето на улицата од Ветеринарната станица до локацијата „Бара“, ќе се постават и бекатон плочки на улиците низ селската населба.



проектот